гласовите во главата, Мила ќе го тешеше и ќе го смируваше. Но сама не знаеше да се теши бидејќи за оној што не може да живее без нешто убаво, тука нема утеха.

Еднаш, одејќи со Помпадула, Мила дојде во куќата на попот. Попадијата, за Божја милост им даде леб за во бовчата и ги послужи со каша. Но Мила доби уште нешто. Токму таму во попската кујна се случи нешто многу чудно. Како мелем на душата ѝ дојде нешто убаво. Како што ја сркаше кашата, од подотворената врата на соседната соба се слушнаа зборови, зборови толку убави, што Мила затрепери кога ги слушна. Некој наглас им читаше бајка на попските деца и со сета раскош зборовите си течеа низ отворот и стигнаа до Мила. Дотогаш Мила не знаеше колку можат да бидат убави зборовите, но сега знаеше, и како утринска роса што паѓа на летна ливада, така ѝ паѓаа на душата. Леле, сакаше да ги скрие за навек и никогаш да не ги заборави. Но кога се вратија во домот, веќе ги заборави. Само неколку од најубавите ги запамети и



тивко си ги повторуваше од почеток.

*Липа ми шуми,*
*славеј ми пее...*

Ете, тоа беа зборовите. Во нивниот сјај изчезнаа сета сиромаштија и сивилото на домот. Таа не знаеше како, но тие беа вистински благослов.

Така времето минуваше. Им немаше крај на офкањата и на издишките на питачите од Норка, на гладот и маката, на горкото чекање. Но Мила си ја тешеше душичката на свој начин. Тоа ѝ помогна да издржи бидејќи во домот имаше многу тешки нешта за гледање и за слушање. Ене ја каде е седната Божана со своите клопчиња. Со часови знаеше да ги намотува, од едно правеше друго, и сè така без прекин и бесцелно. А кога ќе се сетеше на сета мотана и плетена волна од младоста, тивко ќе заплачеше. Мила ја виде... *Липа ми шуми, славеј ми пее*... А, пак, Ѓоко-Локо се грижеше и звуци му наидуваа, па главата ја удираше во ѕидот и ги молеше другите да си ја сменат главата со него, сите се смееја, ама Мила не... *Липа ми шуми, славеј ми пее*... И навечер, кога немаше веќе свеќи, сите седеа на креветот џарејќи во мракот, секој со своите спомени. Мрмореа и издивнуваа, офкаа и квичеа, Мила ги слушаше... *Липа ми шуми, славеј ми пее*...

Но со време не ѝ беа доста зборовите. Се претвори во копнеж што ја следеше и дење и ноќе. Сега знаеше што сака. Сакаше липа да ѝ шуми и славеј да ѝ пее, како на кралицата од бајката. Мислата не ѝ даваше мира и ја натера да насади едно семе во нивата со компирите за да види дали може да порасне една липа.

– Да имав семе, – помисли, – ќе имав липа. Кога би имала липа, би имала и славеј, а кога би имала славеј, сè би било убаво и весело во домов.

Кога шетаа со Помпадула по полињата, Мила ја праша:

– Каде се наоѓаат липови семиња?